**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Четиринаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 20.10.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на четиринаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Миле Грозданоски, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак и Владимир Палашевски*

Он-лајн ја следеа седницата: *Марјан Велевски*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски, Директор на МРТ, Захарија Вулгаракис, Директор на МТВ, Горан Атанасов, Директор на Заеднички функции и администрација.*

Четиринаесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:08 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четиринаесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 12-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 13-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување на дополнета Предлог годишна програма за работа на МРТ за 2026**
4. **Информација во врска со прекинот на програмата**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

### Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 12-та Седница на Програмскиот совет на МРТ

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Дванаесетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 13-та Седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Тринаесетата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Разгледување на дополнета Предлог годишна програма за работа на МРТ за 2026**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски ја отвори 14-та седница на Програмскиот совет на МРТ со најава за продолжување на разгледување на дополнета Предлог-годишна програма за работа на МРТ за 2026 година.

Тој истакна дека оваа годишна програма, претставува документ што ги дефинира насоките на јавниот сервис во наредниот период и кој, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се доставува до Собранието на РСМ, најдоцна до 30-ти октомври.

Тој истакна дека е особено важно што во воведниот дел на програмата е нагласено дека приоритет на МРТ во следниот период е преминот од јавен радиодифузен во јавен медиумски сервис и дека овој процес е целосно усогласен со приоритетите на Европската радиодифузна унија (ЕБУ) и претставува стратешки чекор што веќе го реализираат најголемиот дел јавни сервиси во Европа.

Во оваа насока, важно е што е истакната потребата од:

• развивање на OTT платформа и подкаст-формати,

• користење на VR/AR технологии,

• поголема присутност на дигитални платформи и социјални мрежи.

По однос на дополнетата Предлог годишна програма, тој препорача во програмата да се вклучи дел што ќе се однесува на содржини од областа на истражувачкото новинарство, како и содржини што се однесуваат на здравјето, економијата, животната средина, едукативни содржини за македонскиот јазик, како и содржини за повозрасната публика, што како програмски концепт е во функција на јавниот интерес, транспарентноста и отчетноста.

Истовремено, тој посочи дека, независно од тоа дали Македонија ќе учествува на Изборот за песна на Евровизија 2026, потребно е во програмата на МРТ 1 да се предвиди пренос на настанот. Понатаму, во однос на начинот на којшто се емитуваат Сателитскиот сервис на

МТВ1 и на МТВ2 да биде усогласен за двата програмски сервиса, воедно да се усогласи табеларниот приказ на Четвртиот програмски сервис на МТВ и содржински да се доуреди.

На крајот од своето излагање, Претседателот на Програмскиот совет напомена дека целата програма е неопходно да се лекторира и технички да се уреди.

Тој нагласи дека во доставното писмо е неопходно да се вметне напомена дека мислењето на Надзорниот одбор по однос на Финансискиот план на МРТ за 2026 ќе биде доставено по неговото формирање и дека тоа е задолжително согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и услов за одобрување на Финансискиот план.

Претседателот на Програмскиот совет потенцираше дека тоа е особено важно бидејќи Програмскиот совет веќе го информираше Собранието дека поради изборниот процес не може да се избере нов Надзорен одбор и дека неговото мислење ќе се достави дополнително, односно веднаш по изборот на ова тело.

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски им даде збор на останатите членови на Советот да се произнесат со свои коментари и мислења по однос на дополнетата Предлог годишна програма на МРТ за 2026.

За збор се јави Музбајдин Ќамљи кој рече дека овој пат програмата е многу богата и дека треба да остане таква.

Потоа збор зема директорот Марјан Цветковски, кој истакна дека во наредниот период Комисијата за избор на програмски содржини ќе одржи состанок со одговорните уредници, на кој ќе бидат разгледани повеќе пристигнати проекти.

Следе збор зеде Лазо Трпков, кој констатираше дека сите побарани забелешки и предлози од страна на членовите на Програмскиот совет се вклучени во програмата

Потоа зема збор Билјана Бабиќ која упати пофални зборови за МРТ за професионалноста на изборниот ден, односно за тоа како медиумски бил покриен првиот круг од Локалните избори 2025 и за тоа како отвореното студио изгледало светски. Воедно, таа упати пофалби и за доследното спроведување на изборниот молк.

Во врска со дополнетата предлог програма таа рече дека е неопходно текстот на Предлог годишната програма за работа на МРТ за 2026 да биде лекториран.

Следен се јави за збор Миле Гроздановски кој забележа дека во содржината на централниот дневник треба да се остави поголем простор за меѓународната политика.

На ова одговори Директорот на МРТ Марјан Цветковски, кој рече дека во секој дневник има простор за меѓународната политика, но не може да трае подолго поради важноста на домашните дневни настани.

На тоа се надоврза Маја Седрак која констатираше дека кога има некоја битна и бомбастична вест од светот, таа се емитува како ударна вест.

Потоа се јави за збор Беким Лачи кој праша зошто нема дописник за МТВ2 од Брисел и од Приштина.

Директорот Марјан Цветковски одговори дека од Брисел дописник нема ниту за МТВ1, а за дописник од Приштина сеуште не може да се направи избор, а откако ќе биде направен изборот, дописникот веднаш ќе стане дел од Дописничката мрежа на МРТ.

**Точка 4. Информација во врска со прекинот на програмата**

Програмскиот совет беше детално информиран од страна на Директорот Марјан Цветковски за досегашните сознанија во врска со настанот, за преземените активности и за активностите преземени од надлежните државни органи кои ја покриваат оваа материја. Советот даде поддршка и укажа на потребата во целост да се утврдат причините за прекинот, како и да се преземат сите потребни мерки и безбедносни протоколи со цел ваков вид на проблеми во иднина да не се повторуваат. Истовремено членовите на Советот истакнаа дека е потребно да се продолжи со сериозниот и професионалниот пристап кон решавање на сите евентуални предизвици во иднина што можат да влијаат врз квалитетот и континуитетот на програмата. Целта е да се обезбеди стабилно и професионално функционирање на Македонската радио-телевизија во интерес на јавноста.

Исто така, членовите на Програмскиот совет заземаа генерален став дека МРТ објективно, професионално и навремено медиумски го покри првиот круг од Локалните избори 2025, што претставува позитивен пример за уредничка одговорност и јавен сервис на висина на својата задача.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари за продуктивната средба и ја закажа следната седница на 27.10.2025 година во 11:00 часот, на која ќе присуствуваат и Одговорните уредници на МРТ.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Четиринаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 11:51 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-6121/2
20.10.2025г.

______________________

Давор Пашоски